

# ИО ЕКВИНОКС СКАУТ

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА 2019 ГОДИНА*

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ИО ЕКВИНОКС СКАУТ ЗА 2019 ГОДИНА

Почитувани,

Овој извештај ги содржи сите активности и настани организирани од страна на ИО Еквинокс Скаут во периодот од 01.01-31.12.2019 година.

### Мисија

Мисијата на одредот е да придонесе во образованието на младите луѓе низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот Завет и Закони, да помогне во изградба на подобар свет каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

### Цел

Целта на одредот е да придонесува во развојот на младите луѓе, во достигнувањето на нивните потполни физички, интелектуални, општествени и духовни можности како поединци, како одговорни граѓани и како членови на нивните локални и национални заедници, како и меѓународната заедница.


➢ 23 ОДРЕДСКИ АКТИВНОСТИ
➢ 27 НАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ
➢ 5 ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ НАСТАНИ
ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
ЕКВИНОКС
ШТИП

- **Еднодневен хајк до кањонот Камник долг 30-тина километри на 16.02.2019 .**



- **Учество на церемонијата по повод на светскиот ден на извидници во Скопје на 28.02.2019 .**



- **„Една идеја, еден сон, една цел'' – тридневен камп во Голозинци во периодот од 05-07.04.2019 .**



- **Во пресрет на светскиот ден на уметноста – 15 април присуствувавме на изложбата насловена „Ентропија'', а воедно и промоција на стрипот „Круг'' на нашиот извидник-стрип артист Никола Панов.**



- **По повод месецот на планетата Земја го прифативме предизвикот на СИМ и го реализиравме популарниот #trashtag предизвик.**



- **На 27 април организиравме мини-хајк (излет) во близина на Штип, готвевме, се дружевме, учевме!**



- **Од 10 до 12 мај бевме дел од обуката за пишување проекти во Охрид како дел од програмата за менторска поддршка на граѓански организации**



- **Од 7 до 12 мај нашиот одред имаше свој претставник во Зеница, Босна и Херцеговина на тренингот за мировен дијалог заедно со 30-тина извидници од цел Балкан**



- **На 14 мај имавме можност да се дружиме со учениците од ООУ „Димитар Влахов'' и да им презентираме дел од нашите извиднички активности.**



- **ИО Еквинокс на интернационалниот аудор фестивал „Демир Капија 2019''**



- **На 17 мај се дружевме со енергичните ученици од ООУ „Тошо Арсов'' – Штип**



- **На 18 мај беше одржан нашиот најголем хајк до сега „Планината повикува'' со вкупно 85 млади кои успеаа да ја искачат највисоката точка во градот – Калисибаир (577н.м.в)**



- **Од 23 до 26 мај се одржа тренингот за менаџирање со волонтерите во извидништвото (MOVIS) каде меѓу 40-мината учесници од 17 држави учествувавме и ние.**



- **На 16 јуни во соработка со Американското катче во Штип учествувавме и се забавувавме  на работилницата „Makey Makey!''**



- **Од 14 до 16 јуни 3 наши извидници се стекнаа со нови вештини за брендинг и комуникација на истоимениот тренинг кој се одржа во ИЦО**



- **Во периодот од  21 до 28 јуни нашата Дијана Кузманова се стекна со огромно искуство и нови знаења и пријателства на школата за водачи одржана во ИЦО од страна на СИМ;**



- **Од 15 до 21 јули го организиравме нашиот најголем настан до сега и потврдивме дека живееме во „ЧУДЕСЕН СВЕТ’’;**




- **Лошите временски услови  не успеаа да го спречат нашиот Роберт Ѓошев успешно да ја совлада  првата западна македонска трансверзала долга повеќе од 200 км.**



- **Еко акција на 27 јули организирана од Општина Штип во населба Три Чешми – тука сме и ние!;**



- **26 јули во ИЦО започна летниот извиднички камп организиран од СИМ каде аналогно на школата за водачи Дијана Кузманова го примени сето свое знаење стекнато на школата!**



- **На 12 август заедно со ученичката организација од ООУ „Димитар Влахов'' и Младински Клуб се размрдавме на хајк од неколку километри околу месноста Мирјанина црква;**




- **3 наши членови се стекнаа со титулата тренери по успешното завршување на тренингот за тренери одржан во Зелен Центар на И.О „Крсте Јон'' – Струга во периодот од 15 до 18 август;**



- **Прво и трето место за нашите извидници на 34-тите традиционални средби на извидници во Голозинци, Велес;**



- **10-тина дена по средбите во Велес учествувавме во традиционалните септемвриски извиднички средби кои ги организираа извидниците од ИО Мирко Милевски – Кичево;**



- **"BOHANA by Evardose" беше следниот културен настан на кои учествувавме и ѝ пружившме неизмерна поддршка на нашата вредна извидничка Ева Огнанова;**



- **Од 17 до 20 октомври се одржа овогодинешниот Форум за Ровери во Јагодина, соседна Србија каде што учествувавме со 4 претставници и работевме на креирање младински политики и лобирање за младинските права во земјите од кои доаѓаме;**



- **Инклузијата е клучен елемент кога станува збор за маргинализирана група, па така на 24 октомври се дружевме со децата под ризик од ООУ Димитар Влахов – Штип;**



- **Од 8 до 10 ноември во ИЦО се одржа вториот тренинг за брендинг и комуникација како дел од проектот „Из Види'';**




- **На 16 ноември бевме дел од можеби најголемата акција за пошумување во Штип одржана последните неколку години каде со околу 300 садници беше испишано името на градот;**



- **На 4 декември заедно со ученици, студенти, административци и сите останати еколошки свесни граѓани учествувавме во**

**пошумување на сливот на река Брегалница со околу 1 500 садници (врба и топола);**

- **Крајот го краси делото! За крај на оваа година учествувавме на волонтерската забава каде се прогласи извидникот на годината каде што оваа година 2 наши членови беа номинирани за извидник на годината и со коктел забава и квалитетна музика беше заокружена и оваа 2019 година!**

